<table>
<tr><td colspan="5">Изготвил: Предметен наставник – М-р Оливера Шиклеска-Грозданова</td><td>ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ Битола</td></tr>
<tr><td colspan="5">Адаптирал:</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Техничко образование и информатика VII одд.</td></tr>
<tr><td colspan="6">Наставна тема – Информатика, компјутери и вештачка интелегенција</td></tr>
<tr><td>содржини (и поими)</td><td>стандарди за оценување</td><td>Часови и дата на реализација</td><td>Сценарио за час</td><td>средства</td><td>следење на напредокот</td></tr>
<tr><td>Историјат на развојот на компјутерите</td><td>Наведува основни карактеристики на компјутерите за различни периоди од нивниот развој.</td><td>1</td><td>*Воведна активност-Активирање на предзнаењата<br><br>Учениците добиваат инструкции и насоки за часот и се воведуваат во целите на часот.<br><br>*Главна активност- Искуствено учење<br>• Учениците следат презентација за историскиот развој на компјутерите.<br><br>• Во парови или помали групи, на временска лента ги забележуваат поважните откритија, од која можат да го воочат брзиот развој на</td><td>Компјутери за учениците<br><br>Компјутер на наставникот<br><br>ЛЦД проектор<br><br>Презентација за објаснување на поимите подготвена од наставникот<br><br>Линк до часот поставен на мојот блог https://blog6gs.blogspot.com/2025/08/blog-post.html<br><br>Печатени картички со карактеристиките</td><td>Усни одговори на прашања поставени од наставникот<br><br>Придонес во дискусии<br><br>Придонес во донесување заклучоци</td></tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | компјутерската технологија (на пример, Timeline во Padlet).<br>***Завршна активност-Изведување на заклучоци**<br>Едукативна игра на следниот QR kod<br>**Рефлексија:**<br>Која активност ви беше најинтересна?<br>Кои содржини или податоци ве мотивираат да истражувате повеќе за наученото? | на генерациите комјутери доколку нема Интернет | |

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Предметен наставник – М-р Оливера Шиклеска-Грозданова | | | | ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: | | | | | |
| Предмет: Техничко образование и информатика VII одд. | | | | | |
| Наставна тема – Информатика, компјутери и вештачка интелегенција | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Различни ИТ уреди и нивните карактеристики**<br><br>(десктоп компјутер, лаптоп, таблет, смартфон) | Ги опишува различните ИТ уреди користејќи ги претходните знаења за хардвер и софтвер.<br><br>Прави споредба меѓу различните ИТ уреди според нивните карактеристики | 2 | ***Воведна активност-Активирање на предзнаењата**<br><br>• Учениците одговараат на прашања за хардвер и софтвер како составни делови на еден десктоп компјутер или лаптоп (повторување од претходна година).<br><br>***Главна активност- Искуствено учење**<br><br>• Потоа, учениците следат презентација од страна на наставникот за други ИТ уреди (смартфон и таблет) и нивните основни карактеристики, а учениците ги класифицираат како заеднички односно различни карактеристиките на секој од ИТ уредите. | Компјутери за учениците<br><br>Компјутер на наставникот<br><br>Видео бим<br><br>Презентација за објаснување на поимите подготвена од наставникот<br><br>Споделен документ за учење и само рефлексија | Усни одговори на прашања поставени од наставникот<br><br>Учество во дискусија<br><br>Практична работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | ***Завршна активност-Изведување на заклучоци**<br><br>• Податоците ги внесуваат во еден споделен документ- табела во Sheets<br><br>Учениците споделуваат идеи и прават саморефлексија со постигнатите резултати – што научиле и каде треба да го подобрат своето знаење. | | |

| | |
|---|---|
| Изготвил: Предметен наставник – М-р Оливера Шиклеска-Грозданова | ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ Битола |
| Адаптирал: | |
| Предмет: Техничко образование и информатика VII одд. | |
| Наставна тема – Информатика, компјутери и вештачка интелегенција | |

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Штетни компјутерски програми**<br><br>(штетни компјутерски програми, антивирусна програма) | Го објаснува поимот штетни компјутерски програми и начините на кои тие доаѓаат до компјутерот.<br><br>Ги наведува основните карактеристики на различни штетни програми.<br><br>Ја објаснува улогата на антивирусната програма. | 3 | ***Воведна активност-Активирање на предзнаењата**<br><br>Учениците преку инстант креативност се воведуваат во содржините на часот.<br>Преку нивните одговори се согледуваат нивните предзнаења за новите наставни содржини<br><br>***Главна активност- Искуствено учење**<br>.<br>• Учениците преку презентација се запознаваат со различните видови штетни програми и начините на кои тие дејствуваат.<br><br>• Преку анимирани видаеа се запознаат со можните начини на ширење на штетните програми, но и со можните начини на заштита од истите.<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=FAJGz2UWoZM<br>https://www.youtube.com/watch?v=9Edhn_LERHc | Компјутери за учениците<br><br>Компјутер на наставникот<br><br>ЛЦД проектор<br><br>Видео за објаснување на поимите<br><br>Споделен виртуелен зид<br><br>Едукативна игра | Усни одговори на прашања поставени од наставникот<br><br>Учество во дискусија<br><br>Работа во група<br><br>Практична работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Учениците истражуваат за најпознатите (најштетните) вируси во непосредното минато и пронајдените информации ги закачуваат на виртуелен зид linoit<br><br>http://linoit.com/users/osikleska/canvases/Kompjuterski%20virusi<br><br>***Завршна активност-Изведување на заклучоци**<br><br>Едукативна игра<br><br>***Рефлексија**<br>Што им беше најинтересно на часот и за што би истражувале од новите содржини? | | |

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Предметен наставник – М-р Оливера Шиклеска-Грозданова | | | | ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: | | | | | |
| Предмет: Техничко образование и информатика VII одд. | | | | | |
| Наставна тема – Информатика, компјутери и вештачка интелегенција | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Правила за етичко користење компјутер**<br>(безбедно работење и етичко користење компјутер, лиценциран софтвер) | Ги објаснува и применува правилата за етичко користење на компјутер;<br>Го објаснува поимот лиценциран софтвер и различните видови лиценцирање (freeware, shareware, open-source).<br>Наведува инструкции за безбедно работење на компјутер и | 4 | ***Воведна активност-Активирање на предзнаењата**<br>• Учениците учат за етичко користење на компјутерите преку сценарија/примери предложени од наставникот, во кои се опишани ситуации од секојдневната работа на учениците во кабинетот по информатика.<br>***Главна активност- Искуствено учење**<br>• Потоа во групи, од заклучоците кои ги носат учениците, ги составуваат правилата за етичко користење и инструкциите за безбедно користење на компјутерите.<br>**Завршна активност-Изведување на заклучоци**<br>• Од правилата се изработува постер и се поставува на видно место во училницата. | Компјутери за учениците<br>Компјутер на наставникот<br>Видео бим<br>Презентација за објаснување на поимите подготвена од наставникот<br>Постер | Усни одговори на прашања поставени од наставникот<br>Придонес во дискусии<br>Придонес во донесување заклучоци<br>Групна работа |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | избегнување можни злоупотреби. | | ***Рефлексија**<br>Која активност ви беше најитересна?<br>Каде може да го примените наученото? | | |

| Изготвил: Предметен наставник – М-р Оливера Шиклеска-Грозданова | ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ Битола |
|---|---|
| Адаптирал: | |
| Предмет: Техничко образование и информатика VII одд. | |
| Наставна тема – Информатика, компјутери и вештачка интелегенција | |

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вештачка интелигенција**<br><br>(вештачка интелигенција) | Го објаснува поимот вештачка интелигенција.<br><br>Опишува различни примени на вештачка интелигенција.<br><br>Наведува примери за позитивното и негативното влијание на | 5 | ***Воведна активност-Активирање на предзнаењата**<br><br>Учениците се воведуваат во часот преку вклучување во дискусија одговарајќи на прашања:<br><br>❖ Што е вештачка интелегенција?<br><br>❖ Што се роботи?<br><br>Преку нивните одговори се утврдуваат предзнаењата на учениците<br><br>***Главна активност- Искуствено учење**<br><br>Учениците следат видео кое прикажува роботи, паметни телефони, гласовни асистенти (како Сири, | Компјутери за учениците<br><br>Компјутер на наставникот<br><br>ЛЦД проектор<br><br>Видео за вештачка интелегенција<br><br>Презентација за вештачка интелегенција | Усни одговори на прашања поставени од наставникот<br><br>Учество во дискусија<br><br>Работа во група<br><br>Практична работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | вештачката интелигенција во секојдневниот живот. | | Алекса) и дискутираат што е заедничко за сите овие примери?<br><br>Учениците преку презентација се запознаваат со поимот вештачка интелигенција, како се создава, каде се користи, колку ја олеснува работата на човекот, но и со опасностите со кои ќе се соочуваме при неконтролиран развој и употреба на вештачката интелигенција.<br><br>Учениците преку бура на идеи наведуваат свои примери за вештачка интелигенција и нејзината примена во секојдневниот живот.<br><br>***Завршна активност-Изведување на заклучоци**<br><br>Учениците преку едукативна игра одредуваат предности како позитивно влијание и недостатоци односно негативно влијание на вештачката интелегенција во секојдневниот живот.<br><br>Учениците со соученичко оценување проверуваат дали точно одговориле и притоа се појаснуваат грешките<br><br>***Рефлексија**<br>Која активност ви беше најитересна? | подготвена од наставник<br><br>Едукативна игра | |

| Изготвил: Предметен наставник – М-р Оливера Шиклеска-Грозданова | ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ Битола |
|---|---|
| Адаптирал: Предметен наставник | |
| Предмет: Техничко образование и информатика | |
| Наставна тема – Информатика, компјутери и вештачка интелегенција | |

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Тема 1.<br><br>Информатика, компјутери и вештачка интелегенција | Го опишува историјатот на развојот на компјутерите<br><br>Ги објаснува разликите помеѓу различните уреди: десктоп компјутер, лаптоп, таблет, смартфон;<br><br>Ги објаснува поимите вирус и антивирусна програма;<br><br>Ги познава и почитува основните правила за етичко | **6** | ***Воведна активност-Активирање на предзнаењата**<br><br>Учениците добиваат насоки за часот.<br>Подготовка на учениците за индивидуална работа онлајн (може и печатена форма)<br><br>***Главна активност- Искуствено учење**<br>Учениците одговараат на прашања на тест подготвен од наставник онлајн или во печатена форма<br><br>Доколку има интернет може да се користи тест во Google Forms.<br><br>Самостојна работа на учениците. Доколку има потреба се даваат дополнителни појаснувања.<br><br>***Завршна активност-Изведување на заклучоци**<br><br>Учениците ги предаваат печатените листови за проверка.<br><br>Учениците прават саморефлексија со постигнатите резултати – што е добро, а во што треба да се подобрат. | Компјутери за учениците<br><br>Компјутер на наставникот<br><br>Објективен тест во електронска форма/печатена форма подготвен од наставник | Одговори од ученици<br><br>Резултати од објективен тест во електронска форма, и/или во печатена форма |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | користење компјутер;<br><br>Дискутира за поимот вештачка интелигенција и да објасни каде и како се применува | | | | |